**Ацо Шопов**

**ДВЕ ПЕСНИ**

## РАЃАЊЕ НА ЗБОРОТ

Глужд на глужд,
Камен врз камен.
Камена шума
изѕемнина.
Глужд на глужд.
Камен врз камен,
од камен и ние обата.
Чади ноќта.
Зборот се двои од темнина.
Модар јаглен му гори во утробата.
О ти што постоиш зашто не постоиш,
небото го лулаш,
земјата ја вртиш.

О ти што постоиш зашто не постоиш,
земјата јачи под камени плочници.
Иде замелушен од своите смрти
зборот што ги крши сите слепоочници.
Глужд на глужд.
Камен врз камен.
Својот гроб со прокуда го копам.
Отвори ме
проклетио,
ти тврдино камена,
да изгорам во јагленот на зборот,
да се стопам.

## ГЛЕДАЧ ВО ПЕПЕЛТА

Изгасни песно во огнот што го запали сама.
Прска зборот и исчезнува во пепел од кремен.
Гледачу во пепелта, ја препозна ли во неа
исконската драма
што доаѓа од дното на овој извор темен.

Песно, те откинав од клунот на птица во крвта
што ми лета,
од црвеното небо на запалените вени,
од тие далноводи на два непомирливи света,
тие изгрејсонца со неодгатнати мени.

Те откинав од гневот на иконите, тие неразбирливи гами,
од громот врз копјето на воинот со камен што е сраснат,
од сонот на тие повисоки што се од сонот што ги мами,
и што се раѓаат пак откако еднаш згаснат.

Сега сме два света, два врага, две завојувани страни,
сега сме војна без излез и кама против кама.
Кој е победен? Кој е победник? Кој е изгрев на
осмислени рани?
Изгасни песно во огнот што го запали сама.

**Ацо Шопов**

(хронологија)

**1923 -** Роден на 20 декември во Штип. Основно училиште и гимназија завршува во родниот град, а чиста филозофија на Филозофскиот факултет во Скопје.

**1940 –** Стапува во напредното младинско движење и ги напишува своите први песни. Зема активно учество во Народноослободителната борба.

**1944 –** Типографските младинци од Белград ја издаваат неговата прва збирка песни под наслов „Песни“.

**1947 –** Работи во книгоиздателства и редакции. Учествува во уредувањето на списанијата „Нов ден“, „Иднина“, Современост“, како и на весникот „Хоризонт“.

**1950 –** Заедно со Славко Јаневски ја издава збирката „Пруга на младоста“ во издание на „НОПОК“ од Скопје во чие издание излегува неговата втора збирка песни „На Грамос“, инспирирана од храбрата борба на грчкиот и македонскиот народ.

**1952 –** Се појавува стихозбирката „За радоста и маката“ во издание на „Кочо Рацин“ од Скопје, а во 1955 кај истиот издавач излегува „Слеј се со тишината“. Во 1957 година се појавува „Ветрот носи убаво време“.

**1963 -** Ја печати стихозбирката „Небиднина“.

**1966** – Во издание на „Мисла“ од Скопје се појавува неговиот избор „Раѓање на зборот“, во 1968 „Јус –универзум“, а во 1969 „Мисла“ му издава уште еден избор под наслов „Златен круг на времето“.

**1967** – Избран е меѓу првите членови на Македонската академија на науките и уметностите, а во 1968 година избран е за дописен член на Српската академија на науките и уметностите.

**1970** – Во издание на „Македонска книга“ од Скопје излегува „Гледач во пепелта“, во 1977 „Мисла“ му ја издава „Песна за црната жена“, а во 1980 „Дрво на ридот“.

**Награди:**

Во 1956 година ја добива наградата „Кочо Рацин“ за „Слеј се со тишината“, „11 Октомври“ за препевот на Хамлет од Шекспир во 1960, како и за стихозбирката „Небиднина“. Наградата на „Змаевите детски игри“ му е доделена во 1970 година за препев на песни од Јован Јовановиќ Змај, а во истата година по втор пат ја добива наградата „Кочо Рацин“ за стихозбирката „Гледач во пепелта“, „Браќа Миладиновци“, што се доделува во рамките на Струшките вечери на поезијата, ја добива за стихозбирката „Песна за црната жена“ во 1977 година, а во 1980 ја добива „11 Октомври“ за животно дело.

**Препеви:**

Едуард Багрицки: „Песна за Апанаса“ (заедно со С. Јаневски); Отон Жупанчич: „Цицибан“ 1951; Иван А. Крилов: „Басни“ 1953; Јован Јовановиќ Змај: „Песни“ 1954; Густав Крклец: „Телефонски басни“ 1954; Едмонд Ростан: „Сирано де Бержерак“ 1957; Пјер Корнеј: „Сид“ 1958; Григор Витез: „Песна за чучучигата“ 1959; Вилијам Шекспир: „Хамлет“ 1960; Мирослав Крлежа: „Избор“ 1963; Изет Сарајлиќ: „Поезија“ 1965; Драгутин Тадијановиќ: „Вечер над градот“ 1966; Вилијам Шекспир: „Сонети“ 1970.